**Минуваме на точка 10 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Комисија за труд и социјална политика како матично работно и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Отворам општ претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Има збор господинот Деспотовски Благоја, повелете.

**Благоја Деспотовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувани пензионери,

Со измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување од септември 2016 година се зголемуваат сите видови пензии на начин што вкупниот износ за исплата на пензиите се зголемува за 5% и се дели со вкупниот број на пензионери што оствариле право на пензија до септември 2016 година и се зголемува за 5% вкупниот износ и се дели со вкупниот број на пензионери што оствариле право до септември 2016 година и на тој начин пензиите ќе се зголемат за околу 650 денари линеарно, а на 5 окмтоври оваа година ќе се оствари ветувањето што го имавме во изминатиот период и измената на овој закон што го донесовме и сите пензии ќе бидат исплатени со зголемување 621 денар за септемврската пензија. Сигурно дека ова зголемување не е толку големо, но е континуирано од 2006 година и тоа покажува дека оваа Влада и Владата на ВМРО-ДПМНЕ, и ние како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, секогаш како целна група ќе ги имаме пензионерите, затоа што се што овде имаме во оваа држава, се што е створено, се што ние сме научиле, се што имаме, е благодарение на нив, благодарение на луѓето што цел живот работеле за оваа држава и придонеле за неа.

Исто така, според мене, а сигурно секаде е така, најправилно потрошени пати, најправилно поделени пари, се парите што ќе им ги дадете на пензионерите, затоа што тие на почеток кога ќе ја земат пензијата, најпрво ги плаќаат сите долгови кон државата и јавните претпријатија, за вода, струја итн., а потоа на ред иде да остават за храна и трошоци за дома, се што ќе им остане им даваат на своите деца и внучиња, за школување, за да им помогнат итн. Значи, овој тренд е добар и ако математички кажано, ако извадите извод од функцијата на пензиите од 2006 до 2015 година, ќе видите дека во секој момент оваа функција расте, т.е. од 2006 до 2015 година тоа е права линија што континуирано расте.

Мора да зборуваме со бројки затоа што бројките многу повеќе кажуваат од зборовите и затоа јас ќе кажам неколку бројки. Просечната пензија вод 2006 кога изнесувала 7.683 денари во 2015 година, сега изнесува 13.085 денари, или зголемена е за 70,31%, а во 2016 година со ова зголемување што сега ќе го усвоиме ќе изнесува 13.735 денари или 79,86%. Најниската пензија во Република Македонија од 4.330 денари во 2006 година, во 2015 година изнесува 8.001 денари, или зголемувањето е 84,78% и во 2016 година со ова зголемување ќе изнесува 8.651 денари, или најниската пензија ќе биде зголемена за 99,7%.

Добро е што на овој начин ќе биде зголемувањето, затоа што најниска пензија во Република Македонија земаат точно 68767 пензионери и со тоа ја покачуваме најниската пензија. Сето ова што се прави со изменување на овој Закон, како што реков, можеби за некого не изгледа многу, и не е многу и треба да се стремиме кон зголемување на износот на пензиите затоа што реков, овие луѓе што се вкупно 298.171 со последната исплата, заслужуваат многу повеќе и со се она што се прави во Република Македонија, со намалување на невработеноста, со зголемување на инвестициите, со зголемување на

бруто националниот доход во Република Македонија ќе овозможи да ги дополнително, во наредниот период да ги зголемиме и усогласиме пензиите и да бидеме во овој тренд конзистентни и да продолжиме со зголемување на пензиите.

Сметам дека овој Закон е доста добар, сите ќе го поддржиме, а натаму заеднички да работиме на тоа да овозможиме Република Македонија економски да напредува, да продолжат инвестициите во Република Македонија, да се намали невработеноста за да можеме да ги зголемиме пензиите уште повеќе, затоа што реков, овие луѓе се луѓе што најмногу заслужиле, што најмногу ги заслужиле парите и што најрационално ги трошат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Николов Марјанчо има збор, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитувани граѓани, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Сакам да го изразам ставот на Социјалдемократскиот Сојуз и другите партии од опозицијата дека ќе го поддржиме ова законско решение за зголемување на, не пензиите за 5% поединечно по пензионерски корисник, туку за масата на пари за пензии месечна за 5%, или како што држеа пред конференција, министерот за финансии и министерот за труд и социјална политика, од 640 до 650 денари зголемување кое треба да се случи наредната година во месец октомври, со исплатата на пензијата за септември.

Но, сакам да укажам ан еден сериозен проблем со кој што македонските граѓани ќе се соочат во блиска иднина, доколку продолжи ова неодговорно однесува на Владата спрема состојбата во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија.

Имено, за оние кои што ги следат овие состојби и кои што се упатени во финансиското работење на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, стануваме свесни и гледаме дека секоја година дупката, односно недостигот напари во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од година во година станува се поголема и се подлабока. За информација на граѓаните на Република Македонија посебно, на пензионерите ќе кажам дека во 2016 година од Буџетот кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување е планирано д се префрлат 426 милиони евра. Тоа значи, ќе потврди веројатно и заменикот министер за труд и социјална политика, дека 7 пензии од вкупно 12 кои што се исплаќаат во Република Македонија се исплаќаат од Буџетот, од пари на Буџетот, а не од изворните приходи на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. А, Владата продолжува со политика во која што сакајќи да се додвори на пензионерите, таа дупка, тој јаз го зголемува.

Господине заменик министер, колеги пратеници, за македонската економија ова прашање е веќе пресериозно. За да може оваа дупка да се покрие и Фондот да почне да работи рентабилно, потребни се со ова ниво на плати нови 200 до 250 илјади вработувања. Да се вработат денес, за да може од наредниот месец Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да работи рентабилно и да може пензиите да ги исплаќа од изворните приходи. Тоа знаеме дека е невозможно и дека од година во година овој проблем ќе се продлабочува и сите ние, другите колеги што ќе треба да остварат право на пензија или нашите деца може да се доведат во состојба, или да се зголеми границата за одење во пензија, или да почнат пензиите нередовно да се исплатуваат. Секоја година се повеќе пари од Буџетот одат кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Сакам во Владата да ја укажам на сериозноста на оваа работа и да почне да размислува за решенија. Парите од Првиот пензиски столб, кој што треба да биде надополнување на овој државниот систем за пензиско и инвалидско осигурување ќе почнат да ги користат корисниците на пензија негде после 15 години. Ако Владата не преземе мерки за ублажување на дупката во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, ќе се доведеме во ситуација да навистина се, не знам од каде ќе се исплаќаат пензиите. Вие можете да, тоа убаво звучи, и ние ќе го поддржиме покачувањето на пензиите, но состојбата која што се случува во Фондот за пензиско не е добра. Ние практички имаме ситуација да покачувањата на пензиите се прават со кредити, со задолжувања и тоа нема економска логика. Впрочем,сведоци се граѓаните и самата Влада да секој месец за да може да

исплати пензија, мора да се задолжи со издавање на државни обврзници на пазарот во Република Македонија.

А околу стандардот на пензионерите, тука веќе можеме да зборуваме повеќе, а тоа е дека, за жал, иако голем дел од нив работеле долги години, заслужиле да имаат пензија, таа пензија не ја можат целосно да ја трошат за свои потреби, затоа што голем број на пензионери со пензиите ги издржуваат своите деца и своите внуци кои што не можат да најдат работа. И затоа, пензионерскиот стандард во Република Македонија е многу низок, многу мал. Пензионерите немаат можност парите кои што ги заслужиле со својата работа да ги трошат за свои потреби. Голем дел парите им одат, кажав, за издржување на своите семејства. И тука, Владата води неуспешна политика, бидејќи не успева да создаде работни места со кои што ќе може пензионерите да се ослободат од обврската да го издржуваат своето семејство и тие пари да си ги трошат за свои лични потреби.

Понатаму, мерките. Сакам да кажам дел од мерките со кои што ние ќе се залагаме кога ќе се смени власта во Република Македонија. Тоа е дека пензионерите ќе ги вклучиме во Економско социјалниот совет во Република Македонија. Од трипартитен ќе стане четирипартитен и ќе имаат можност да учествуваат во креирањето на политиките во Република Македонија кои што се однесуваат и на економијата, и на висината на пензиите, и на општите општествено економски движења. Ќе го вратиме вториот основ за одење во пензија во Република Македонија, а тоа е по основ на работен стаж. Знаете, почитувани граѓани, Република Македонија има најригорозен систем за пензиско и инвалидско осигурување од аспект на условите на одење во пензија. Само еден услов - години на старост, 64 за мажи, 62 за жени. И сега има ситуации освен со продолжување ако доброволно сака.

Има ситуации да луѓе заминуваат во пензија, замислете, и со 46 години работен стаж. Тоа го нема никаде. И затоа мислам дека треба да се врати и вториот услов за заминување во пензија, а тоа е по основ на работен стаж, 40 години работен за мажи, 37 години работен стаж за жени. Македонија ќе добие или ќе се изедначи по однос на првата за заминување во пензија со многу други земји. Ќе се воведе и социјалната пензија за сите пензионери кои што после 65 години немаат други основи за приход.

Но, на крајот да завршам, бидејќи времето изминува, даваме поддршка за покачувањето на пензиите, но сакаме да ја предупредиме Владата со она што се случува во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и дека треба редица други мерки да се направат и за идните пензионери, и за сегашните пензионери да се подобрат условите и да има можности да им се зголеми нивниот животен стандард. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Заменикот министер за труд и социјална политика има реплика, повелете.

**Ибрахим Ибрахими:** Благодарам претседателе.

Почитуван пратеник, ме радува што најпрво ја поддржувате оваа владина мерка во делот на зголемување на пензиите, бидејќи евидентно се покажа дека од 2008 година до сега пензиите се зголемија некаде за повеќе од 60-тина посто. Имено, како податок, најниската пензија, како што истакна и претходниот, од 2005 година кога беше 4.280 денари, сега е преку 7 илјади денари, или просечната од 7.463 денари во 2005 година сега е 13000. Дали познавате земја во светот каде што не се дотираат средства од Буџетот во делот на исплата на пензиите? Ако имате земја во светот, тогаш секоја чест, меѓутоа, сите земји, вклучително и земјите на Европската Унија дотациите од Буџетот во делот на покривање на пензиите се тука. Во делот на намалување на буџетскиот дефицит, впрочем оваа Влада воведе мерка, оваа Влада воведе мерка со тоа што првата година се исплаќаат, ги покрива потребите за нововработените лица, најпрвин тие шт се до 29 години, во делот на пензиско и инвалидско осигурување, меѓутоа, после првата година, тие средства ќе бидат исплаќани од страна на работодавачите. Значи, буџетскиот дефицит за околу 20-тина илјади вработени, значи минимално зборуваме, бидејќи ефектот сега очекуваме да биде поголем во делот на вработувањата, за минимум 20-тина илјади вработени ќе се покрие од страна на работодавачите.

Во однос на редовните пензии. Оваа Влада, значи за прв пат пензионерите можат да кажат дека имаме исплата на редовни пензии. Нема исплата во групи, значи, прва, втора, трета група, дури и доцнење на пензиите за месец и повеќе, туку се знае од 1-ви до 5-ти се исплаќаат пензиите.

Во однос на стандардот. Податокот дека преку 60% се зголемени пензиите на пензионерите, зборува за зголемувањето на стандардот.

Во однос на враќањето на вториот основ. Дајте да не се залажуваме, да правиме политички маркетинг, бидејќи нема земја во светот каде што имаме веќе пензионирање по основ на работен стаж, туку секаде старосната граница. Македонија, Република Македонија, согласно праксите на земјите на Европската Унија и другите земји кои што се во Европа, значи го воведе овој принцип. Не постои земја каде што се пензионира по основ на работен стаж, туку старосната граница е единствениот услов за пензионирање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Господине заменик министер, јас ќе ви донесам компаративна анализа каде што ќе видите дека најригорозен е во Македонија пензискиот систем. Само еден услов. Во сите земји од Европската Унија, вие донесете ми дека има, или комбиниран, или повеќе услови за одење во пензија. И, немојте да манипулирате. Ќе ви донесам анализа. Одговорно ви тврдам. Свесен сум и знам и го следам добро пензискиот систем, дека нема таква ригорозна политика за одење во пензија само со години на старост. Нема. Во сите земји има или комбиниран, или со повеќе услови. И затоа немојте така лесно.

А, во однос на стандардот на пензионерите, тие најдобро знаат, дали со 7 илјади денари во 2005 година можеле да купат 5 кубика дрва или со 11 илјади денари во 2014 година - три кубика дрва. Така се мери стандардот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Пемова Весна има реплика, повелете.

**Весна Пемова:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, немојте да ги плашите пензионерите, оставете ја оваа категорија на граѓани мирно да си го живее животот, па да си ги користат мирно пензиите покачени оваа година за 5%, исто така покачени догодина за 5%, мирно да си користат мерката која што, еве ја овозможи оваа Влада, на бесплатно банско климатско лекување, бесплатни викенд прошетки.

Почитуван колега, безплатен превоз, ево и колегите ми помагаат, без платен превоз. Јас сакам да потенцирам дека пензионерите во Кавадарци исто така секојдневно користат бесплатен превоз од село Ваташа до село Сопот, кој минува низ Кавадарци, така да почитуван колега јас сум пратеник во втор мандат од 2011 година, овие вакви исти дискусии сум ги слушала милион пати, а и од вас исто така, за таа дупка во пензискиот фонд.

Меѓутоа и вие сами сте свесни дека не се случува ама баш ништо од тоа вие што говорите. Прејудицирате нешто дека би можело да се случи, но еве и пензионерите и граѓаните, еве и ние сме сведоци дека до сега се нема ништо случено и убедена сум додека е ВМРО ДПМНЕ на власт, дека пензионерите ќе ги уживаат сите овие благодети што им се дадени до сега, а понатаму се надевам ќе има уште многу мерки.

Јас почитуван колега, навистина ве почитувам, ги пратам секогаш вашите дискусии, зборувате за таа дупока во пензискиот фонд, за некоја катаклизма, па за пензионерите дека нема да земат пензија, ги плашите пензионерите, постојано. Би ве прашала како почитуван колега, еве како би било колега кога вие би биле на власт и би го решиле тој проблем. Дали со намалување на пензиите, изгледа тоа е вашиот став, бидејќи еден од вашите сопартијци Стојко, еве ќе го спомнам не е овде, веќе јавно од говорница кажа дека во колку би дошле на власт, пензиите ќе бидат намалени. Впрочем, пензионерите го знаат

тоа, имаме искуство, знаеме, тоа се случи во 2002 година, кога пензиите се намалија, кога вие сте на власт значи, пензиите секогаш се намалуваат за 5%, наместо да се зголемат како што тогаш се ветуваше за пензионерите. Од тој аспект, сметам дека не е добро денеска кога збориме за еден многу позитивен закон, а се однсува на покачување на пензиите на пензионерите, да правиме паника меѓу пензионерите, да ги оставиме тие мирно да си ја користат заслужената пензија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Марјанчо Николов има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодрам.

Колешке јас се сложувам да ги оставиме пензионерите, јас моите двајца родители дома се пензионери на мира да си ја трошат пензијата и да уживаат во благодетите на пензискиот живот.

Меѓутоа голем дел од нив не можат, за тоа што голем дел од нив мора да ги издржуваат своите деца кои што не можат да најдат работа, или своите внуци. И стандардот на пензионерите е лош најмногу поради тие причини. Никој не е против тоа пензионерите да уживаат. Кој не сака пензионер кој што работел 35-40 години, да може да се прошета да отиде или да си дозволи да се напие едно кафе во ресторан. Голем дел од пензионерите не можат бонбонче на внучето да му купат. Впрочем, колку се грижите за пензионерите се виде и со мерката каде што им дозволивте да одат на скијање без пари. Гледам голем дел од нив го искористијај тоа право, отидоа на скијање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Светлана Јакимовска има реплика, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам господине претседсател.

Колега, навистина ќе почнам од последното ова вие што го слушнавте, а што го искажавте, па навредивте голема категорија на пензионер. Не значи дека е пензионер и дека не може да се скија. Зошто? Ако така мислите, јас така не мислам. Значи и тоа право е добро право, а дали ќе го искористи и кој ќе го искористи треба да го имате па да може некој да го користи. А вие не ни помислувавте на пензионерите да им дадете некакви права, напротив им ускратувавте права. Им исплатувавте пензии во неколку рати, па не знаеја веќе во која категорија се пензионерите. Дали во категоријата на првата исплата, втората, третата, па намалувавте пензии 8% има и навистина живи пензионери кои што тоа нема да го заборават и го осеќаат на својот грб и го паметат. Претерувате, навистина претерувате со плашење, во секоја измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, или во носење на буџет, ако се зафаќа во делот, во овој дел на Министерство за труд и социјална политика секој пат прво и првенствено заплашување пензионерите, дури и до таму се одеше  некогаш дека пензионерите дојде во прашање дали воопшто ќе може да им се исплати пензија. До сега и сами сте сведоци дека такво нешто не се случило. Апсолутно, одговорноста и сериозноста на Владата е во тоа да не се случи и нема да се случи. Јас ве уверувам дека ВМРО ДПМНЕ ја води оваа политика околку пензиите и нема тоа да се случи.

Зошто се јавува дефицит? Вие многу подобро од мене знаете. Знаете дека покрај оној државниот пензиски столб што владееше многу одамна, имаме реформи во пензискиот систем. Луѓето од овие втор, трет солб, ќе примаат пензија некаде после 25-30 години. Така да тогаш можеби да осеќаме разлики во овој дел за кој што зборувате. Околу стандардот на пензионерите да говориме, можеме да говориме, меѓутоа во моментот мислам дека не е темата. Многу ќе беше подобро, со оглед дека поддржувате и добро е што го поддржуватте ова законско решение, да останеме на тоа да не ги отвараме темите, бидејќи не можете тука да се носите во тој дел барем околу пензионерите. А за тоа за што ќе се залагате вие, навистина го злоупотребивте во моментов, но ваше право е, можете ќе имаме кампања па изнесете се што ќе се залагате за пензионерите, па ќе видиме на изборите дали пензионерите за тоа што се залагате за нив ќе ви го поверуваат и ќе ви го дадат гласот. За тоа да останеме и да ја поздравиме оваа позитивна мерка која што е сега

на дневен ред и да се стремиме сите понатаму, таа колку можеме и да ја зголемиме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Николов Марјанчо има контра реплика.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Се сложувам со вас колешке Светлана Јакимовска, меѓутоа, јас ќе зборувам за дупката во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, во секоја прилика кога ќе имам можност за тоа. Сега кога ќе дојде буџетот ќе зборувам исто така за истата работа, бидејќи тоа е сериозен проблем за една држава. И утре не сакам да се доведеме во ситуација да сите пензии се исплатуваат од буџетот. Ниедна Влада нема да си дозволи пензиите да не бидат исплатени и тоа нема да се случи, но сериозноста на проблемот, вие знаете дел од таа проблематика, сте работеле во Агенцијата за вработување и знаете дека секој недостиг на пари, во иднина може да значи рестрикција или за идните во пензионери или каснење во исплатата на пензиите. И ме чуди зошто така, само за да реплицирате несериозно се однесувате кон ова прашање. Еве да закажеме, посебна седница, на оваа седница да го поздравиме покачувањето, ама да прифатите една седница за дефицитот во Фондот за пензиско да зборуваме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Ласовска Благица има реплика, повелете.

**Благица Ласовска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега Николов, јас навистина ве ценам како искусен пратеник, пратеник кој што прави добри анализи и тоа го поздравувам, меѓутоа немаше потреба денеска од тоа политички маркентинг поготово во оваа област, за тоа што и на Комисијата, а и во вашиот говор, кажавте дека ја подржувате оваа мерка на Владата на ВМРО ДПМНЕ значи го поздравувате покачувањето за 5% на пензиите. И како што кажаа и моите колеги, не сакам да се повторувам во репликите со нив, а се повикавте на прес конференцијата на министерот Ставревски и на министерот за труд и социјална политика. Еве јас ја имам таа изјава и слободно можам да ви ја покажам дека и самиот министер за финансии вели дека средствата кои се потребни за обезбедување на покачување на пензиите, веќе се обезбедени во буџетот и тука нема ништо спорно. Никој ништо не крие. Апсолутно ова е програма на ВМРО ДПМНЕ која што ние ја спроведуваме и вие ја поздравувате и навистина ми е драго што така еве имаме општ консензус за вакви сензитивни прашања како што се правата на пензионерите. Впрочем, овие средства како што кажавте ќе ги користат сите. И вашите и моите родители и родителите на сите. Да ги оставиме пензионерите да си уживаат во својот пензионерски живот. А околу самото покачување на пензиите, јас ќе повторам значи најниската пензија во 2006 година, кога дошла ВМРО ДПМНЕ на власт била 4300 денари. Сега е 8001 денар. Тоа во проценти почитуван колега изнесува 84,78%. Ајде да оставиме тие да одлучат на 24 април на кого повеќе му веруваат на вас или на нас. И мислам дека како искусен пратеник, денеска ја злоупотребивте говорницата искажувајќи ставови од некоја си идна ваша програма за правата на пензионерите. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Значи, колешке, за тоа постои буџет на Република Македонија, постои Фонд за пензиско и инвалидско осигурување. Фондот за пензиско и инвалидско осигурување служи да од него тие што работат плаќаат придонеси и од тие придонеси се даваат пензии. Значи, тие две работи се различни и лесно е да се каже министерот за труд и социјала или за финансии се најдени пари во Буџетот, ама буџетот пари собира од кредити. Значи не од придонеси како што е правилно и како што треба. И тие две работи не треба да ги мешате. За тоа ова е само пропагандад во која што Фондот за пензиско и инвалидско оди подлабоко. И на крајот, навистина добро е, покачувањето на пензиите, а за стандардот? Секој знае пензионер како подобро или полошо се живее во кое време. Бидејќи немам повеќе време, не можам да ви доодговорам на сите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Топузова Каревска Роза има збор, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Многу почитувани колеги пратеници, 300 илјади пензионери интересна таргет група, навистина ќе одлучуваат најверојатно на изборите 2016 и сега нормално дека треба да им се обраќате нив.

Но еве јас на самиот почеток да кажам дека би сакала да проговорам малку за реалната состојба, не сакам да говорам за минатото, зошто минатиот пат кога беше ова усогласување, минатата година, министерот за труд и социјала исто ме врати во минатото, па му кажав да го оставиме минатото на страна, затоа што ако се вратиме многу, многу во минатото, ќе видиме некои и поинакви работи и подобри, а некои богами и полоши. Ајде да зборуваме за сегашноста и за иднината.

300 илјади пензионери, 400 илјади надвор од Република Македонија, 176 илјади млади луѓе за 3 години ја напуштиле земјата. 180 илјади вработени во јавната администрација. Колку се реални вработувања во Република Македонија почитувани колеги. Колку се оние што работат и го полнат фондот за пензиско осигурување, е па од тука е загриженоста на колегата Марјанчо Николов, логична е. Ако ги погледнеме овие бројки ќе видиме дека има простор за загриженост. И уште една работа, ако ги погледнеме најновите, говорам само за иднината. Ако говориме за најновите анкети, меѓу средношколците и високото образование, знаете ли што ќе видиме, каде ја гледаат иднината нашите средношколци и студенти кои што ќе завршат за година две. 72% надвор од Република Македонија. 72%. Од тие 28% што остануваат во Република Македонија и ако е тоа 100%, знаете колку 91% својата иднина ја гледаат во јавната администрација. 9% во стопанството и индустријата. Тоа е загрижувачки податок. Зошто сега говорам овде, за тоа што ова е поврзано токму со овој закон, токму со полнење на пензискиот фонд, од кои што иднинте и сегашните пензионери треба да ги остваруваат своите пензии. Но, ајде да се вратам конкретно и на законот.

Прво, многу често се зборува во јавноста дека пензиите се покачуваат за 5%. Не се покачуваат сите пензии и нормално, бидејќи се повикувате на Уставот на Република Македонија, кога ви треба се повикувате, кога не тој Устав се гази без око да ви трепне. И имаме, вика се заснова на начелото на социјална праведност итн. итн. таков е нашиот социјален фонд, но сепак, мислам дека, моите убедувања се, дека не е доволно ваквото усогласување. Вие самите ветивте не во оваа програма, во претходната, дека пензиите ќе го усогласувате со животниот стандард. Ова веќе не значи усогласување со животниот стандард. Ова значи покачување за 5%, се зема целокупната маса, се издвојува, оние што помалку земаат еве слушнавме ќе земаат нешто повеќе, ама во пари тоа не е многу, значи не е многу. И така значи ја таргетираме групата од 300 илјади пензионери. Суштински треба да се решава проблемот. Слушнавме од колегата дека 68 илјади имаат најниска пензија во Република Македонија. Тоа се една четвртина од овие пензионери. Значи ¼ од сите пензионери, имаат најниска пензија, тоа е веќе исто загрижувачки момент. Ова се некои работи што сакам да ги кажам и исто така, во духот на либерализмот, не можам да се согласам дека единствен услов ќе биде старосната граница. Не може да биде единствен критериум, почитуван заменик има многу земји во светот кој што покрај. . .да говориме за тоа дали е 62, 67, итн., тоа е друго прашање. Но погледнете ги компаративните искуства има многу земји кои што не го земаат само старосната граница, туку има и други критериуми. И јас исто мислам, дека оној што има повеќе работено, значи над оваа, а има веќе ја исполнил старосната граница, треба да биде повеќе награден кога ќе земе пензија. Ова се дилеми кои што не може да не се говорат, па денееска на оваа седница се говореле. Па кога да се зборува за пензиите, за пензискиот фонд, за иднината на пензионерите ако не сега. Кога ќе биде законот за музеи на дневен ред. Па токму сега е моментот да се проговори, да се изрази загриженост, нормално е, сосема нормално да се размислува за иднината.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Заменик министерот за труд и социјална политика има реплика, повелете.

**Ибрахим Ибрахими:** Благодарам претседателе.

Почитувана пратеничке, не може да се игнорира фактот дека само последната година се направени огромен број на вработувања. Оние што ги кажавте дека колкава е реалната бројка на вработувања, само фактот дека повеќе од 10 илјади нови вработувања, во приватниот сектор се направени само последната година. Благодарение на мерките кои што ги презеде Владата за намалување на невработеноста. Од технолошко-индустриските развојни зони, бројката е преку 15 илјади вработувања дополнителни вработувања во технолошко - индустриските развојни зони. А во однос на старосната граница мал, значи Србија е една можеби земја каде што имаме работен стаж, друга земја не постои каде што друг основ има. Секаде основ е старосната граница и би напоменал, дека оваа Влада нема намера да ја зголеми старосната граница како основ на пензионирање. Туку, ќе си остане 62 години за жените и 64 за мажите како основ за пензионирање на старосната граница. Доброволното беше друга, значи оние кои што сакаат да си продолжат. Меѓутоа како законски основ нема да има зголемување на старосната граница.

Во однос на реалните вработувања, значи пак ќе повторам, само по основ на мерките на оваа Влада повеќе од 10 илјади вработувања, само со по однос на мерките за намалување на невработеноста. Значи, имаме 5 илјади млади лица се вработија до 29 години благодарени на мерката самовработување и дополнителни 5800 по основ на оперативниот план. Значи зборуваме за самовработување и други мерки што се предвидени согласно оперативниот план на Владата за намалување на невработеноста.

Проектот Македонија вработува укажува резултати, значи во просек околу 50-тина дневно имаме вработувања. Ќе продолжиме со исто темпо и ќе зборуваме на крајот на годината, значи имаме уште 90-тина дена ќе видите какви резултати ќе покаже проектот Македонија вработува. За дупката во Пензискиот фонд. После една година ќе зборуваме какви се резултатите од вработувањата кога ќе се уплаќаат дополнителни средства од оние лица кои што се вработиле. Значи зборувам некаде за бројката да стигне некаде 30-40 илјади дополнителни вработувања кои што ќе плаќаат придонеси во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска има контра реплика, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван заменик министер 10 илјади вработувања, добро во ред колку илјади пензионери имаме за овој период. Ајде нека бидат 10 илјади вработувања. А мерките знаете ли кога ќе ги видиме резултатите од мерките, точно има голем дел што сега почнаа со овие мерки да се вработуваат, но тука се и оние на кои што Владата им дава одредени суми за самовработување. Резултатите од тие мерки ќе се видат по неколку години, дали тие навистина ќе успеат земените пари да ги искористат по основ на самовработување, да направат фирми и понатаму успешно да работат или ќе ги земат, сега за сега ќе се подмири невработеноста, ќе ги потрошат овие готови пари и потоа нека мисли некоја друга Влада што со овие луѓе. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Деспотовски Благоја има реплика, повелете.

**Благоја Деспотовски:** Благодарам.

Почитувана колешке Роза Топузова Каревска за нас пензионерите не се таргет група, за нас пензионерите се луѓе исто како и сите други луѓе во Република Македонија. За нас пензионерите не се бројка, тоа се луѓе на кои секоја година им ги зголемуваме пензиите. За нас земјоделците се луѓе и секоја година ги зголемуваме субвенциите. За нас и бизнисмените се луѓе затоа што гледаме да ги намалиме даноците и бизнисот да им се зголеми. За нас и работниците се луѓе затоа што треба стално да им се зголемуваат платите и тоа го правиме. За нас и социјално загрозените се луѓе и секоја година ја зголемуваме социјалната помош. За нас не е важно дали се Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Власи, Бошњаци, за нас не е важно дали се христијани, муслимани или други, и за нас не е важно на која партија припаѓаат. И тоа да ви биде јасно, за ВМРО-ДПМНЕ

сите се граѓани на Република Македонија и ние за сите мора да се грижиме додека сме на власт подеднакво. Значи треба и сите така да ги гледате и ве молам немојте уште еднаш со таргет групи. Никој не е таргет група, секој е човек. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска има контра реплика, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван колега, колку не се таргент група покажавте и со оваа реплика, значи не морам јас да говорам. Репликата ви беше како од предизборен митинг. И овие се луѓе, и оние се луѓе, или пак како ви беше оној слоган и Битола се сака и дела, и Кичево се сака со дела и сите се сакаат со дела. Иста реплика во истиот стил. Значи баш сум ја погодила поентата на мојата дискусија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Пемова Весна има реплика, повелете.

**Весна Пемова:** Благодарам.

Почитувана колешке, со ваквата ваша дискусија со толкав голем песимизам богами би можело, може ќе треба сите ние да се иселиме од Република Македонија. па нешто да помогнете кога можете, да дадете некоја идеја како да се надмине некој проблем. Ние еве се обидуваме, десет годни се обидуваме почитувана колешке да вработиме и да ја намалиме стапката на невработеност која што беше на максимално високо ниво до сега од независноста на Република Македонија, а тоа е 38%. Денеска знаете колку е? 26,8%.

Почитувана колешке, јас доаѓам од Кавадарци, знаете колку е стапката на невработеност во Кавадарци денеска, 12%. Благодарени на тие странски инвестиции кои вие многу ги критикувате, 5500 граѓани, мои сограѓани и ваши сограѓани од Прилеп и од Велес работат таму. Прекрасна е глетката колешке да гледате како 30 автобуси во колона носат смена работници во Дрекстер Маер, дотерани и со ведри ликови. Срамота е ова што го зборувате. Предложете нешто, дајте да дискутираме. Како да го надминеме проблемот со дупката во Пензискиот фонд. Ова не ли овие мерки за вработување еден куп што ги кажа министерот и вие сама кажавте една од мерките за самовработување. Па што ќе било после користење на кредитот, а после пет години. Сега е вака колешке,а што ќе биде после пет години кога ќе дојде после пет години тогаш ќе мислиме. Уште подобро ќе биде, а вие некој предлог да дадете. Еве ние имаме милион предлози, мерки, како да се намали таа стапка на невработеност, да не се иселуваат нашите деца. Презимаме нешто, работиме деноноќно, што вие правите. Лесно е да си опозиција и да критикуваш. Дајте некој предлог, конечно дајте некој предлог.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска има контра реплика, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Е како да ви дадеме предлог кога сте толку многу самобендисани, ништо не прифаќате. Еве и да ви дадам предлог нема да го прифатите.

Второ, ние нема да се иселиме колешке, јас не велам дека ние ќе се иселиме на овие години јас и вие, ама нашите деца се иселуваат. Погрешно сте ме разбрала.

И трета работа, да доаѓаат полни автобуси, точно е, јас навистина онаму каде што има реални вработувања и одредени мерки ги поддржува. Но една друга работа, дека се со ведри лица, не се сложувам со вас. Зарем може човек со високо образование да биде со ведро лице кога нашол вработување за 12 илјади. Се сложувам дека со зголемување на конкуренцијата ќе бидат можеби и подобри платите во иднина, ама ви ми забранивте да зборувам за иднината. Како сега да ви објаснам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Мукоски Крсто има реплика, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам претседателе.

Колеше Роза Топузова Каревска ви благодарам на вашата дискусија и очигледно е дека разликата е огромна, не голема огромна, со светлосни години кога владее ВМРО-ДПМНЕ и кога владеат некои други гарнитури. Во сите сегменти, значи не зборуваме за тергет група. Генерално во целото живеење на граѓаните на Република Македонија и сега ќе ви кажам зошто. Значи, денес зборуваме за пензии, некој од претходните дискутанти кажа, најниската пензија е двојно зголемена. Од 2005 година до денес, дали е доволно или не, тоа е веќе друго прашање. Во рамките на можностите е двојно зголемена. Најниската плата е системски одредена како треба да се регулира понатаму во годините кои што доаѓаат. Претходно 2005 ниту имавме најниска плата. Просечната плата на вработените е двојно зголемена, минимално двојно зголемена од времето од 2005 година. Да не зборувам за субвенциите за земјоделците. Се сеќавате добро, така. Во владеењето на СДСМ имаше нула до 2005 субвенции за земјоделците, едвај во изборната година дадоа 5 милиони евра субвенции. Во овие години додека владее ВМРО-ДПМНЕ над 750 милиони евра имаме субвенции за земјоделците. Создавање на услови за бизнис, гледате, излезе Дуинг бизнис, вчера имаше извештај, кажаа дека дополнително за три места сме качени во рангирањето за водење на бизнис. На 30-то место сме во Европа по водење на бизнис. Во 2005 година тоа беше мисловна именка. Странски директни инвестиции, се сеќавате една, две се пријавија во владеењето на претходната гарнитура, не можам да не правам споредби за да пред граѓаните претставиме висинска слика и тие две компании што се пријавија ги избркаа. Сега имаме преку милијарда и двесте милиони евра странски директни инвестиции во времето на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ. Очигледна е разликата, дали е доволно, не е доволно. Се стремиме да одиме напред, се стремиме на сите овие категории на граѓани дополнително да им помогнеме. А кога сме кај пензиите знаете што се случуваше во времето на СДСМ. Прво, секој месец доцнеа по два, три дена за да до крајот на годината една пензија помалку. Второ, на крај знаете што направија, 8% им ги намалија пензиите на пензионерите. Се сеќаваат пензионерите. Еве за денес ако сакате што се случува во регионот. Минатата година во Србија 10% им ги намалија пензиите на пензионерите и сега Вучич пред избори кажува дека за 2% ќе им ги зголемел. Тоа е разликата во Македонија не е така. И сега ни треба вака цел ден да полемизираме ќе имаме време за Буџетот од каде сето тоа се реализира, дали има доволно пари и на кој начин функционира економијата во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска има контра реплика, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван колега, јас не сакам, ви кажав, да говорам за минатото има и работи кои што се добри, не сакам сега субвенциите да ги образложувам овде и се што е добро и во интерес на граѓаните ќе поддржам. Ви кажав. Меѓутоа сега немојте во што сме први, ако почнеме во што сме први и во многу работи сме први, први во сиромаштија, први по најголем број на иселени млади луѓе надвор од Република Македонија, први по разлика по многу богати и м многу сиромашни, итн. Но немам потреба да правам некоја предизборна или не знам како да ја наречете кампања, туку да говориме за реалните потреби за граѓаните. Колку можело да се купи со тогашната плата и пензија најниска и што може да се купи сега. Тоа е основно и што во иднина ќе биде, тоа треба да говориме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општиот претрес по Предлогот на законот е завршен.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеници, од нив за гласаа 71, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собрание го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.